**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852


**Бр. 03-1017/1**
**19.10.2020, Скопје**

**До**
**Министер за здравство на Република Северна Македонија**
**Доц. д-р Венко Филипче,**

Почитуван министер, д-р Венко Филипче,

**Дали стоматолошката дејност има иднина или ќе допуштиме нејзин колапс?**

Почитуван Министер, првин, со големо задоволство во име на членовите на Стоматолошката комора на Македонија и во мое лично име **Ви го честитам реизборот** за Министер за здравство и во новата Влада и Ви посакувам уште поголеми успеси во работата во мандатот кој Ви претстои, а во текот на кој секако очекуваме уште поголем бенефит за нашите членови, докторите на стоматологија.

Почитуван Министер, веднаш по Вашиот реизбор имав чест да остварам со Вас телефонска комуникација во која меѓу останатото разговаравме и за **потребата од итна средба**, до која за жал се уште не е дојдено.

Ние, Кризната група на Стоматолошката комора на Македонија, потполно и недвосмислено почитувајќи ги и Вашите други активности, за кои не спориме дека се од витално значење за македонскиот граѓанин сепак сме на став дека и покрај Ковид 19 пандемијата ниедна дејност од јавен интерес не смее и не треба да продолжи да не се развива, па така и стоматологијата за која како Комора имаме веќе изработено и стратегии за нејзината идинина што само по себе и укажува на фактот дека нахавената средба не може да трпи понатамошно одлагање.

Состојбата во стоматологијата во нашата држава, пред се зависи од нас докторите на стоматологија, од пристапот на Стоматолошката комора на Македонија кон проблемите и кон изнаоѓање на можни решенија, но без помош, разбирање и поддршка на институциите, пред се од Вас како министер за здравство, самото Министерство за здравство, ФЗО и другите релевантни институции предводени од Владата на Република Северна Македонија, нашите заложби за подобрување на состојбата не можат да бидат целосно реализирани.

Моменталното раководство на Комората, во изминатите две години оствари **значителни резултати**, од кои од витален интерес за нашата дејност, би ги спомenале пред се законските измени по однос на остварувањето на нашите права во делот на релиценцирање, законските измени по однос на Правилникот за државни испити, другите правилници поврзани со пренесеното јавно овластување, при што е неоспорно Вашето разбирање изразено и со Вашите согласности по однос на истите.

Не ја заборавање и Вашата помош при досега најголемото зголемување на **капитациониот бод** за општите стоматолози и првото подигање на **лимитот** на стоматолозите специјалисти од 2005 година, конечното отварање на мрежата за специјалистичка стоматолошка дејност со нови **67 места**, што е прв пат од постоењето на мрежата. Исто така, не сакаме да остане неспомната и Вашата безрезервната доверба и подршка за се што понуди и направи Стоматолошката комора на Македонија поврзано со стоматолошката дејност во услови на **Ковид-19 кризата**, во периодот од Март 2020 до денес и што продолжува и понатаму.

Но, во услови на се поверојатно продолжение од заканата од коронавирусот КОВИД-19 и неопходноста од спроведување на сите препорачани епидемиолошки мерки и почитување на Протоколите за работа во стоматолошките ординации, како што Ви посочив и во телефонскиот разговор, Стоматолошката комора на Македонија, согледувајќи ги потребите на нашите членови, изврши анализа на потрошувачката на заштитна опрема и средства за дезинфекција во стоматолошки ординации и заботехничките лаборатории.

Анализата утврди дека носителите на ординациите, независно дали се примарни или специјалистички, во мрежа или вон мрежа, заради безбедноста и заштита и на пациентите и на самиот стоматолошки персонал, **многукратно** ги зголемија трошоците за набавка на соодветна заштитна опрема и средства за дезинфекција.

Стоматолошката комора на Македонија, во изминатите неколку месеци, од почетокот на Март 2020 година апелираше, бараше и инсистираше, институциите во државата да реагираат и да направат се во рамките на нивните можности, да ја спасат од колапс стоматолошката дејност.

За жал, ниедна институција, ниту Кризниот координативен штаб на Владата, ниту Владата преку Министерство за здравство, ниту пак Министерство за финансии, немаа ниту **елементарно разбирање** за нашата се потешка состојба и стоматологијата како дејност и стоматологозите и забните техничари како чинителите на здравствениот систем, не беа опфатени со ниедна досегашна мерка, ниту со некој пакет, па ни со последниот четвртиот пакет на **антикризни мерки** за финасиска помош.

Поради се поочекуваната натамошната неповолна епидемиолошка состојба во земјата, Комората е на мислење дека носителите на стоматолошките ординации и забните техники, институции и компании поради зголемениот финансиски товар и загуби, повеќе не се и нема да се во состојба да ги поднесуваат овие трошоци и за истите е неопходно **ургентно решение** кое до стоматологот и забниот техничар ќе пристигне и од државата, но и од Фондот за оние правни субјекти кои се во мрежата на стоматолошките ординации.

Почитуван Министер, ја очекувам **нашата средба**, бидејќи **одговорноста** е пред се моја како претседатела на Стоматолошката комора на Маккедонија, но не е помалку и на Вас, како на Министер за здравство во Владата на Република Северна Македонија.

Почитуван Министер,

Во оваа прилика ја користам и можноста да истакнам дека и покрај многуте завршени активности како Комора, цениме дека доколку не продолжи нашата заедничка соработка, сите досегашни напори и успеси ќе останатат незабележени и **едвај 20 % продуктивни, а дури 80 % непродуктивни**. Ова го потенцираме затоа што на многуте состаноци кои беа остварени, како директно помеѓу Вас како Министер за здравство и мене како претседател на Комората и интензивните средби на претставниците на Комората, со претставниците од Министерството за здравство, на кои се усогласија ставовите по многу прашања кои се од немерливо значење за стоматолошката фела, но и за стоматолошката дејност во нашата држава воопшто, не дојде до најавена реализација.

Би напоменал и потсетил **особено** на следното:

1. Измените што ги усогласивме и кои се специфични за стоматолошката дејност на ниво на работна група по однос на новиот Предлог Закон за здравствена заштита, а која работна група повеќе месеци нема продолжение и тоа по однос на:
   - стоматолошките поликлиники на примарно и секундарно ниво
   - дополнителната стоматолошка дејност.
2. Неисполнетото договорено **ветување** од средбата со менаџментот на Фондот за промена на капитација за деца до 14 години, кое требаше да започне од второто тромесечје на 2020 година.

3. Неисполнетото **ветување** за покачување на цените за стоматолошки услуги, но и цените за материјалниот трошок, за кои заеднички бевме на став, дека поради нивна непроменливост последните 15 години, само придонесуваат за полоша и понеквалитетна услуга на нашите граѓани и ја уриваат и малата надеж за унапредување на стоматолошката дејност и интегритетот нан стоматологот.
4. Продолжување на процесот за изготвување на **Предлог Законот** за стоматолошката дејност.
5. Продолжување на разговорите и изнаоѓање на решенија за веќе алармантната **хиперпродукцијата** на стоматолози, но и за неверојатната пасивност на сите институции за непостоење на можности на образование за стоматолошки сестри/асистенти и апсолутна **хипопродукција.**
6. Продолжување на постојано започнувани и постојано прекинувани процеси, анализи и барања за долгорочно решение и **национална програма** за детска превентивна стоматологија, но и национална програма на стоматолошка превентива за целокупното население во нашата земја.
7. Продолжување на напорите за воспоставување на применлив систем за **24-часовна** стоматолошка задрвствена заштита на населението, која во момент не постои на повеќе од половината од територијата во нашата држава.
8. Регулирање на се поизразените девијации и неправилности при **имплантолошки** интервеции, со соодветни протоколи и правни регулативи, со оглед на се поголемиот број на ваков вид на интервенции.
9. Потребата од проширување на стоматолошката дејност со нови, современи услуги како на пример, можност за **свесна седација** во стоматолошки ординации и многу други неопходни промени за кои е потребно и Ваше разбирање и Ваш ангажман со апсолутен наш придонес за подобро стоматолошко утре како што е потребно и на нашите доктори на стоматологија, но и на нашите граѓани.

Почитуван Министер,

Поради сето погоре наведено бараме, поточно речено инсистираме, да ги вложите сите **Ваши напори** да организирате сериозна средба од која ќе произлезе иницијатива за респектибилна, релевантна **работна група** во која ќе земат учество **сите** релевантни друштва и здруженија преку свои претставници, предводени од Стоматолошката комора, без ничие фаворизирање или намалување на било чие значење во барањето на нивните членови за конечно решение за стоматолошката дејност и промена на моменталниот апсолутно нефункционален и за никого прифатлив **хибриден стоматолошки систем,** со кој стоматологијата перманентно оди назад и се повеќе се позиционира **на дното,** не само во споредба со земјите од Европската унија, туку споредено и со земјите од Западен Балкан и сите поранешни советски републики.

Затоа бараме од Вас **најитна средба во Ваша организација**, со претставниците на сите релевантните друштва со своите здруженија, како и сите самостојни здруженија, без ничие фаворизирање, кои ќе настапат заеднички и **предводени од Стоматолошка комора на Македонија**, кои се грижат за подобрување на дејноста и реномето на стоматолошката фела и кои се грижат и за поквалитетна, помодерна и регулирана европска стоматологија, од која бенефит пред се ќе имаат и нашите граѓани.

**Се надеваме дека во најскоро време ќе оствариме продуктивна и конструктивна средба за нашите барања кои пред се се краткорочни, но кои и не смеат да чекаат додека во исто време ќе ја започнеме и широката дебата за иднината на стоматологијата.**

**Скопје, 20.10.2020 година**

Стоматолошка комора на Македонија
Претседател
Д-р.Маријан Денковски